20110992382

ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ

Врз основа на член 54 став 1 точка 8 и член 56 став 1 точка 3 од Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија" број 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/2010, 156/2010 и 53/2011), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, на седницата одржана на 4 јули 2011 година, донесе

ОДЛУКА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА РЕФЕРЕНТНИ ЦЕНИ ЗА ТРЕТИРАЊЕ НА АКУТНИ СЛУЧАИ НА ТУБЕРКУЛОЗА - ПНЕВМОФТИЗИОЛОГИЈА

Член 1

Со оваа одлука се утврдуваат референтни цени за здравствени услуги за третирање на акутни случаи на туберкулоза во болничката здравствена заштита.

Член 2

Се утврдуваат референтни цени за следните здравствени услуги за третирање на акутни случаи на туберкулоза во болничката здравствена заштита:

Шифра	Вид на болничка услуга	Референтна цена
ТБЦ1	Акутна туберкулоза со завршено лекување до 31 ден	24.947
ТБЦ2	Акутна туберкулоза со завршено лекување од 32 до 61 ден	47.400
ТБЦ3	Акутна туберкулоза со завршено лекување за повеќе од 62 дена	83.922

Член 3

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе се објави по добивањето на согласност од министерот за здравство.

Бр. 02-10378/9
4 јули 2011 година
Скопје

Управен одбор
Претседател,
Ирфан Хоџа, с.р.